Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 143 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден _.05.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување претседател и членови на Комисијата**
**за проценка и утврдување на надомест на штета од природни**
**непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес**

1.Со ова Решение се именуваат претседател и членови на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес:

- __________________, претседател на Комисијата и членови:
- __________________, член на Советот на Општина Велес;
- __________________, член на Советот на Општина Велес;
- __________________,
- __________________,
- __________________,
- __________________,
- __________________,
- __________________ и
- ___________________.

2. Својата работа Комисијата ја врши со мандат од 4 (четири) години од денот на именувањето.

3. Претседателот и членовите можат и пред истекот на мандатот да бидат разрешени по предлог на Градоначалникот, доколку не ја извршуваат својата работа согласно законските одредби.

4.Мандатот на ново избраниот член на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес трае до истекот на мандатот на постојниот состав.

5.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р

**Образложение**

На седницата одржана на ден 12.04.2022 година, Советот на Општина Велес донесе Решение за разрешување и именување претседател и членови на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес со арх.бр.25-1980/31 од 13.04.2022 година со кое се именуваат: Антонио Трајковски, претседател на Комисијата и членови: Игор Стојанов, член на Советот на Општина Велес, Менсур Бачевац, член на Советот на Општина Велес, Пепи Димков, Ангел Димов, Наташа Милошевска, Сашко Ѓорѓиевски, Бобан Нецинов, Родна Јанева и Тања Арсевска.

Во член 143 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21 и 124/25) е регулирано следното: „Процената и утврдувањето на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи ја вршат комисии што ги формира: - советите на единиците на локалната самоуправа".

Согласно точка 6 од горенаведеното Решение: „Својата работа Комисијата ја врши со мандат од 4 (четири) години од денот на именувањето. Претседателот и членовите можат и пред истекот на мандатот да бидат разрешени по предлог на Градоначалникот или членови на Советот, доколку не ја извршуваат својата работа согласно законските одредби."

Врз основа на цитираниот член на Решението, Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 19.06.2024 година донесе Решение за разрешување член на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес со арх.бр.25-2629/7 од 19.06.2024 година со кое се разрешува Родна Јанева од член на Комисијата.

Аналогно на тоа, Советот на Општина Велес на истата седница донесе Решение за именување член на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес со арх.бр.25-2629/8 од 19.06.2024 година, со кое се именува Јадранка Илијева.

Мандатот на ново избраниот член на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес трае до истекот на мандатот на постојниот состав.

Се констатира престанок на мандатот на членовите на Комисијата за проценка и утврдување на надомест на штета од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Велес и од таа причина потребно е да се именуваат нови членови на Комисијата со цел непречено функционирање на истата во целосен состав.

Врз основа на горенаведеното се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.